REHAU
Unlimited Polymer Solutions



FOR SMARTER PEOPLE

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КРАЖБИ ВО ДОМОТ

## РЕХАУ Смарт Гард систем конект - превентивна заштита од провали

ПРОЗОРЦИ. ОТКРИЕНИ ОДНОВО ЗА МОДЕРЕН ЖИВОТ

# НОВО ОТКРТИТИЕ КАЈ ПРОЗОРЦИТЕ
## За современиот живот

Нашиот живот станува сè помодерен и попаметен. Голем дел од она што порано било изведувано со напор, денес станува се полесно. Изнајмување филм од видеотека? Денес со стриминг го гледаме она што го сакаме – удобно, лежејќи на софата. Ја вртевме патната карта за да ја најдеме најбрзата рута патувајќи на одмор? Денес тоа го презема системот за навигација, дури и со можност за заобколување на сообраќајниот метеж.

**Современата технологија е составен дел од нашето секојдневие.
Зошто не и во нашите прозорци?**



РЕХАУ си постави задача да развие прозорци што се модерни како и нашиот живот. Прозорци кои не само што ни го покажуваат светот, туку и се грижат за свежиот воздух додека се затворени. Па дури и ќе ги одвратат провалниците пред нешто да се случи.

**Тоа се прозорците што ни се потребни денес. За да можеме да се опуштиме и да мислиме на оние работи кои се важни во животот.**



**ДОЈДЕНО Е ВРЕМЕ ЗА ПРОЗОРЦИ ШТО СЕ ИСТО ТОЛКУ МОДЕРНИ КАКО И НАШИОТ ЖИВОТ.**

REHAU

ПРОЗОРЦИ. ОТКРИЕНИ ОДНОВО
ЗА МОДЕРЕН ЖИВОТ

# ФАКТИ ЗА ПРОВАЛИТЕ ДЕНЕС



**3 мин.**

На секои 3 минути во Германија се случува обид за провала. За разлика од очекуваното, повеќето од нив се случуваат во текот на денот, а не во текот на ноќта.

**80 %**

Во 80 % од случаите, се изведуваат преку прозорците – од прозорецот на подрумот до балконската врата.
На професионалец не му требаат ни 10 секунди за да подигне лошо обезбеден стандарден прозорец.

**44 %**

44% од случаите завршуваат само со обид за провала - но честопати оставаат огромни материјални штети. Менувањето на прозорците и вратите потоа не само што одзема време, туку и чини пари.



# НОВО ОТКРИТИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
## СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПРОВАЛА

Безбедноста за нас секогаш била суштинска потреба. Онаму каде што некогаш се наоѓале високи ѕидови, денес алармните уреди треба да штитат од провалници. Проблем: кога алармните уреди ќе се огласат, штетата најчесто веќе настанала. Покрај пари и скапоцености, на засегнатите лица истовремено им се одзема и чувството на сигурност.

## РЕШЕНИЕТО ДЕНЕС

**РЕХАУ Смарт Гард: новина во светот за превентивна заштита од провали**

Потенцијалните провалници ќе бидат препознаени со интелигентниот сензор за препознавање. Оптичките и акустичните сигнали јасно му покажуваат на престапникот дека воопшто не треба ни да се обиде да изврши провала. Активното одвраќање помага во спречувањето на оштетувањето на прозорците и вратите.
На тој начин РЕХАУ Смарт Гард оди многу подалеку од вообичаените алармни системи. Бидејќи тие реагираат дури откако провалникот е во куќата – прозорецот или вратата тогаш се веќе оштетени.

**Паметна заштита од провала којашто одвраќа пред да настане штета.**

FOR SMARTER PEOPLE



## ФОКУСИРАЈТЕ СЕ НА АКТИВНА ПРЕВЕНЦИЈА

# ЕДНОСТАВЕН ПРИНЦИП, ГОЛЕМ ЕФЕКТ

## Така Смарт Гард ги брка провалниците пред да настане штета

Фокусирајте се на одвраќање на натрапниците коешто нема да ѝ пречи на оптиката на Вашите прозорци. Незабележително инсталиран во рамките на Вашите прозорци и врати, Смарт Гард активно се грижи за безбедноста. Интелигентниот сензор за препознавање ги регистрира провалниците и самостојно ја стартува одбранбената програма.



Зона на превенција од 20 cm пред прозорецот

**Детектор за движење:**
Регистрира движења во подрачјето до 20 cm пред прозорецот. Паметниот систем со сензори систем реагира само навистина е потребно.




**Сигнализатор:**
Акустичниот сигнал дополнително го одвраќа провалникот.

**LED:**
На провалникот со светло му сигнализира дека е откриен.



Интелигентниот сензор за препознавање го регистрира провалникот.



Визуелно предупредување на провалникот преку LED-светла.



Доколку провалникот не се повлече, се активира следното ниво на ескалација и...



...следи акустично предупредување од страна на сигнализаторот.



**Можноста создава крадци**
Голем дел од сите кражби не ги извршуваат професионалци, туку тоа се кражби кои се овозможени од недоволно заштитени прозорци. Во овие случаи, особено ефикасно се покажува одвраќање на натрапникот.

# ЕДНОСТАВНО СПАКУВАНО
## Веднаш уживајте во безбедноста

Модулот РЕХАУ Смарт Гард ќе се вгради подготвен за употреба од Вашиот специјалист за прозорци во горната рамка на прозорските системи СИНЕГО или ГЕНЕО. Смарт Гард работи на батерии. Не се потребни кабли. Модулот функционира сам за себе. Паметен систем за ефикасна заштита!





Го инсталира Вашиот монтажер на прозорци и е готов за употреба.

Едноставно менување на батеријата преку директен пристап до батерискиот простор.



**Можна е надградба**
РЕХАУ Смарт Гард може да се надгради и за прозорските системи на РЕХАУ: ГЕНЕО и СИНЕГО. За тоа се грижи специјалистот за прозорци – комплетно опуштено можете да уживате во чувството дека сте безбедни насекаде.





**Незабележлива оптика**
Системот е скриен во прозорската рамка. Покривните елементи во антрацит, бела, кафена или карамел боја обезбедуваат совршената интеграција на боите со прозорецот.

## НЕЗАБЕЛЕЖИТЕЛНО, НО ЕФИКАСНО

За прозорци, како и балконски врати и врати од тераси.

# ГЛАСНО СО СИРЕНА

## Смарт Гард систем плус во случај на провала привлекува големо внимание

За дополнителна безбедност. Оптичкото и акустичното предупредување лесно може да се надополни со ефикасна сирена во внатрешноста што во итен случај активира аларм. Сирената за аларм функционира преку радио, не треба да се инсталираат кабли. Таа е едноставно за ракување и има ефикасно дејство.



Оптичко и акустично предупредување преку интелигентен сензор за препознавање.

Непосредно детектирање на насилно дејство благодарение на сензорите за вибрации.

Активирање на внатрешната сирена во случај на вистинска провала.



**Внатрешна сирена**
- Компактен облик за суптилен дизајн
- Аларм со гласност од 90 децибели – гласен како кружна пила

## БЕЗБЕДНО ОПРЕМЕН ЗА ИТЕН СЛУЧАЈ

**Активирање со притискање на копче:**
Сирената може да се активира и деактивира преку трајно инсталиран безжичен прекинувач.

**Безбедно од саботажа:**
Сирената се приклучува директно во штекер за струја. Не е можна манипулација бидејќи штекерот е сместен во внатрешноста на куќата.



# ПАМЕТНА ЗАШТИТА, СОВРШЕНО ИНТЕГРИРАНА

## Смарт Гард систем конект - безбедни во Паметен дом

Технологијата на Паметен дом нуди многу можности. Со неа не само што може да ја зголемите удобноста, туку и безбедноста во Вашиот дом. Поврзете го Смарт Гард со централата на Паметниот дом и фокусирајте се на паметната заштита од провала. Дизајнот на парограмата за паметен аларм нема ограничувања. Можностите целосно се ориентираат според Вашите желби: од затворањето на ролетните преку активирањето на сирената за аларм, па сè до насочена порака на Вашиот паметен телефон.



Оптичко и акустично предупредување преку интелигентен сензор за препознавање.

Непосредна детекција на насилно дејство благодарение на сензорите за вибрации.

Активирање на внатрешната сирена во случај на вистинска провала.

**Вашиот влез во Паметниот дом**
Со кутијата mediola® (Издание на РЕХАУ) добивате решение што Ви овозможува влегување во светот на Паметниот дом. Отвореното решение служи како основа за поврзување со бројни паметни домашни апликации.

**Флексибилно и безбедно за во иднина**
Со кутијата mediola® (Издание на РЕХАУ) како централа на Паметниот дом, се фокусираме на еден отворен безжичен протокол што е компатибилен со бројни еминентни производители. Овде, меѓу другите, спаѓаат Abus, Philips, Osram или Somfy.

**Се инсталира подготвено за употреба**
Кутијата ја инсталира производителот, подготвена за упортеба и системот е веќе конфигуриран кога ќе ви се даде на употреба.



## КОНСТРУКЦИЈА НА АЛАРМОТ ЦЕЛОСНО СПОРЕД ВАШИТЕ ЖЕЛБИ

Индивидуална конструкција на алармот преку mediola® централата на Паметниот дом: на пример, автоматско вклучување на светлата или спуштање на ролетните.

**Апликација за удобна контрола**
Со кутијата mediola® (Издание на РЕХАУ) и придружната апликација, сите Ваши решенија ги имате на еден дофат во секое време и насекаде.

**Практични дополненија**
За уште поголема удобност, опционално може да добиете практичен далечински управувач за приврзокот за клучеви, со кој независно од апликацијата со притискање на копче може да го активирате или деактивирате Смарт Гард. Прозорците што не се во опасност од провала, на пр. на првиот кат, може да се опремат со контакти за прозорци. Во апликацијата потоа се прикажува дали сите прозорци се затворени.



# БЕЗГРИЖНО, БЕЗБЕДНО И ПАМЕТНО. ПРОЗОРЦИ ЗА СОВРЕМЕНИОТ ЖИВОТ.



REHAU®

# ПРОЗОРЦИ. ОТКРИЕНИ ОТНОВО ЗА МОДЕРЕН ЖИВОТ

Понатамошни информации на www.rehau.mk/sigurnost

Се интересирате за РЕХАУ Смарт Гард? Со задоволство ќе ве посоветуваме!

Овој документ е заштитен со авторско право. Оттаму се задржува правото на преводот, препечатувањето, копирањето слики, емитување, репродукција на фотомеханички или на сличен начин и меморирање во системи за обработка на податоци.

Нашите усни и писмени совети за примената на производите се засноваат на долгогодишното искуство,нашите најдобри сознанија како и стандардизирани претпоставки. Примената на производите на РЕХАУ детално е опишана во техничките информации за производите. Соодветната важечка верзија е достапна на www.rehau.com/TI. Употребата, примената и обработката на производите се вршат надвор од нашите можности за контрола и затоа одговорноста е исклучиво кај соодветниот корисник/преработувач. Меѓутоа, ако сепак постои основа за наша одговорност, тогаш таа се раководи исклучиво според нашите услови за испорака и плаќање, кои се достапни на www.rehau.com/conditions, освен ако не е поинаку договорено во писмена форма со компанијата РЕХАУ. Ова исто така важи за евентуални гаранции, при што гаранцијата се однесува на константен квалитет на нашите производи соодветно на нашата спецификација. Правото на технички измени е задржано.

© РЕХАУ дооел
ул. Борис Трајковски 7бб
1000 Скопје, Македонија
www.rehau.mk

Задржано право на технички измени

730774 МК 11.2018